# Б-Интегрирана еколошка дозвола

**Друштво за трговија, транспорт и услуги "МИСА-МГ ТРАНСПОРТ" ДОО Скопје**

**КП 10455 КО Велес, општина Велес, Велес**
**м.в Дрневица**

**Дозвола бр. 08-41/10**

**од 17.04.2025**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

# Содржина

Б-Интегрирана еколошка Дозвола .................. **Error! Bookmark not defined.**

Содржина ..........................................................................................**2**

Вовед ................................................................................................**3**

Дозвола ............................................................................................**12**

1 Инсталација за која се издава Дозволата ..........................................**13**
**2.1 Техники на управување и контрола** .............................................16
**2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)** ....................................................17
**2.3 Ракување и складирање на отпадот** ..............................................18
**2.4 Преработка и одлагање на отпад** ..................................................22
**2.5 Спречување и контрола на хаварии** ..............................................22
**2.6 Мониторинг** ..............................................................................23
**2.7 Престанок со работа** ..................................................................24
**2.8 Инсталации со повеќе оператори** .................................................25

3 Документација ..................................................................................**26**

**4** Редовни извештаи ...........................................................................**28**

**5** Известувања ...................................................................................**29**

**6** Емисии ..........................................................................................**30**
**6.1 Емисии во воздух** ......................................................................30
**6.2 Емисии во почва** ........................................................................32
**6.3 Емисии во вода** ..........................................................................32
**6.4 Емисии во канализација** ............................................................330
**6.5 Емисии на топлина** ....................................................................**31**
**6.6 Емисии на бучава и вибрации** .....................................................31

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води ..............................**34**

8 Програма за подобрување ...................................................................**35**

9 Договор за промени во пишана форма ..................................................**37**

Додаток 1 ..........................................................................................**38**

Додаток 2 ..........................................................................................**39**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од Дозволата***

Следната Дозвола е издадена согласно Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 03/25) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава Интегрирана еколошка дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за Дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на РМ" бр. 89/05), до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа Дозвола

Операторот Друштво за трговија, транспорт и услуги МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје е оператор на инсталација за производство на повеќе марки (класи) готов бетон како што се: МБ20, МБ30, МБ40.

Бетонската база на операторот МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје е лоцирана во кругот на инсталација за сепарација на природен камен варовник и асвалтна база на дел од КП 10455 КО Велес, општина Велес.

Предметната локација на КП 10455 КО Велес е заведена во Имотен лист број 34568, и е во сопственост на Друштвото за производство, трговија и транспорт МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје носител на А-Интегрирана еколошка дозвола за инсталација за стационарна асфалтна база и сепарација за природен камен и варовник.

Двете компании поседуваат договор за деловна техничка соработка во кој точно се утврдени обврските и задачите на двете страни.

Од страна на операторот МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје е поставена бетонската база, а согласно Договорот за деловна техничка соработка ќе биде ангажирана дополнителна опрема, механизација и работна сила за производниот процес за добивање на готов бетон.

Локацијата се наѓа западно од атарот на Башино село на 1 km оддалеченост од него во место викано Дрневица, односно на 3,6 km северозападно од центарот на Велес, и 3,5 km источно од селото Раштани. Истата се наоѓа на десната страна од патот Скопје-Велес, односно од десната страна на реката Вардар. До инсталацијата води локален пат, дел тампониран, дел земјен пат погоден за сообраќај во поголем дел од годината, а пред инсталацијата патот во поново време е асфалтиран за потребите на инсталација за сепарација на природен камен. Во близина на инсталацијата поминуваат локални патишта кои ги поврзуваат населените места во тој крај. Непосредната околина на инсталацијата за производство на бетон е на локација каде веќе работи инсталацијата за производство на асфалт, како и складиштата за минерална суровина.

Површинската експлоатација на минерална суровина природен камен и варовник, а која се врши на локацијата и која се користи во процесот на производство на асфалт, операторот може да ја користи за производство на бетон согласно условите од Договорот за деловна техничка соработка.

Бетонската база која е поставена веднаш до асфалтната база, западно од неа, ќе ја користи постојната патна инфраструктура и складиштата на минералната суровина на камен агрегат како и дотурот на суровина и енергенси согласно Договорот за деловно техничка соработка.

Бетонската база е обезбедена преку заедничка чуварска служба со инсталацијата за сепарација и асвалтна база.

Производството на бетон на предметната инсталација се врши во бетонската база од марката ELKON mix 60 со капацитет од 60 $m^3/h$, која ќе ја користи производната програма на сепариран минерален агрегат и тоа со фракциите 0/4 mm, 4/8 mm, 8/16 mm и 16/31.5 mm, кои ги произведува компанијата МИСА-МГ ДОО Скопје на предметната локација како единствен добавувач на суровина.

Производниот процес најпрво од депониите каде е складиран камениот агрегат, со камион се доставува (во зависност од потребите и потребната фракција) и се полнат боксовите со различни фракции за агрегат во бетонската база. Секој бокс е со капацитет од околу $15m^3$. На самата бетонска база се инсталирани и два силоси за цемент, со капацитет од $75m^3$ секој посебно.

Најпрво се започнува со дозирање на агрегатот, количината се мери на мерните ваги поставени под секој бокс/предозатор од каде се пушта агрегатот. По дозирањето истиот со транспортната лента се носи во мешалката. Во исто време од системот се дозира цемент според рецептура, и таа количина се внесува во мешалката. Преку системот за дозирање на вода, се пушта и потребна количина на вода. Доколку има потреба се додава и адитив. Откако ќе се внесат сите суровини, почнува процес на мешања кој трае неколку секунди, и потоа бетонот се исипува во бетонмешалка - возило, и се транспортира до кај клиентот на договорената локација.

После мешање на компонентите односно хомогенизирање на бетонската маса, на дното на мешалката има отвор преку кој се врши полнење на камионите.

По добивање на усна нарачка за класата (марката) на бетон, потребната количина на бетон, локација каде да се испорача и за кој термин (ден и време), раководителот на бетонската база, изработува работен налог и истиот го предава на операторот на базата. Операторот на бетонската база, врз претходно готови рецептури, внесени во софтверот за работа, ги внесува сите потребни податоци за да започне подготовката и производтвото: најпрво задава параметри како потребни излезни количини на готов бетон, рецептува (марка или класа на бетон), за кој клиент се изработува, време и локација на испорака, а софтверот сам задава податоци за потребните количини на влезни суровини, и започнува дозирањето и мешањето т.е процесот на производство. Операторот на постројката за бетон од кабината одбира програма по која ќе се врши автоматско дозирање на вода за потребната количина на цемент и агрегат, а во некои програми и адитив.

Технолошкиот процес на мешање на бетонот не претставува опасност за животната средина, но мора да се потенцира дека е можно загадување на воздухот со фина прашина при процесот на истовар на видовите на камен агрегат, при одвивање на транспортот како и делумно загадување со цементна прашина при почетокот на складирање на цементот во силосот.

Технолошкиот процес за производство на бетон е мошне едноставна постапка, во која со мешање на три компоненти - цемент, камен агрегат и вода во соднос 10-15 % цемент, 60-75 % агрегати 15-20 % вода, при што се добива суров бетон, подготвен за вградување во сите видови на градежни конструкции.

По потреба, зависно од типот на конструкцијата на бетонските градби, со дозер за адитиви се додаваат средства за подобрување, односно адаптирање на карактеристиките на бетонот, според барањата и техничките услови на проектната документација. Со помош на автоматика се отвора боксот од кој треба да се дозира адитивот и се транспортира со гумени траки до мешалката односно потребната количина од секој тип на фракција во сува состојба во мешалката за бетон.

Бетонската база е од типот ELKON mix 60 со капацитет од 60 $m^3$, која се состои од 4 приемни бунери каде се складираат сепарираните камени агрегати по фракции. Од таму преку автоматски систем за додавање преку полжавест транспортер се додава потребната количина која се става во елеватор на кој има инсталирано вага и кој ја носи и истура во мешалката. Водата се доставаува од ЈКП ДЕРВЕН од Велес до инсталираниот резервоар до самата база кој би ја полнел мешалката. Инсталирани се 2 челични силоси во кои ќе се чува цемент секој со капацитет од по 75$m^3$. Инсталацијата користи електрична енергија како основен и единствен енергенс и според техничкиот опис од производителот е составена од следните функционални компоненти:

• Дозатори 4 x 15m3,

• Силос за цемент 2 x 75m3,

• Капацитет на бетонмешалка / миксер е 1$m^3$,

• Компресор 10 Bar,

• Резервоар на компримиран воздух 150L,

• Вага за цемент до 300 kg,

• Вага за вода до 300 kg,

• Вага за агрегат,

• Вага за адитив,

• Утоварна лопата.

Придружните објекти за инсталацијата-бетонска база се согласно Договорот за деловно техничка соработка: административен дел (канцеларии), просторија за одмор на вработените (наменети за сите вработени на базите, коп, сепарација од двете фирми), како и просторија за вагање т.е за издавање на кантарни белешки од камионската вага, мобилен тоалет, магацин за складирање на масло (цистерна со танквана) и отпадно масло. Во кругот на дворот покрај бетонската база се наоѓаат и површинските копови и постројките за сепарацијата, отворени складишта-депоа каде се складираат фракциите за продажба на асфалтот, паркот за возилата, асфалтната база и соодветни местото за складирање на различни видови на отпад. Овие придружни објекти се во склоп на копот и сепарацијата , асвалтната база за кои правниот субјект МИСА-МГ ДОО Скопје поседува А-Интегрирана еколошка дозвола.







Слика 1. Дијаграм и шематски приказ на технолошкиот процес на производство на бетон




Слика 2. Шематски приказ на опрема во бетонската база која се користи во производниот процес




Слика 3. Распоред на објекти и опрема на МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје и МИСА-МГ ДОО СКОПЈЕ на локацијата и пошироката околина

Овие придружни објекти освен бетонската база се во склоп на копот и сепарација, и асфатната база за кои компанијата МИСА-МГ ДОО Скопје поседува А-Интергрирана еколошка дозвола и кои согласно Договорот за деловно техничка соработка може да се користат од страна на операторот МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје.

Техничка вода потребна за одвивање на технолошкиот процес на производство на бетон се обезбедува преку цистерна која се набавува од ЈКП ДЕРВЕН за што е склучен договор со операторот МИСА-МГ ДОО Скопје, а потребата од обезбедување на вода за бетонската база е регулирано преку Договорот за деловно техничка соработка. Потребната количина на вода која ќе користи ќе зависи од количината на производство на готов бетон, и е предвидено потрошувачка од околу 100-120 $m^3$ вода на месечно ниво, или околу 1.500$m^3$ годишно. Техничка вода ќе се користи во процесот на производство на готов бетон, за перење на опремата (бетономешалката), како и за сузбивање на прашината на предметната локација преку прскање на патеките каде ќе се движат возилата, утоварната лопата, работниот простор со цел намалување на емисиите на прашина.

Потребата од вода за пиење е решено со набавка на флаширана вода.

Инсталацијата користи напојување со електрична енергија од 400V, тоа е обезбедено со постојната инсталирана мрежа, што значи дека нема да се инсталира дополнителна трафостаница туку ќе се користи постојната која е изведена за асфалтната база. На целата инсталација ќе се користи електрична енергија како ресурс за работа на бетонската база, асфалтната база, каде на влезот во кругот има поставена трафостаница со моќност од 1250 KW. Предвидената потрошувачка на електрична енергија за потребите на бетонската база која би работела во просек по 5-6 часа/5 денови во неделата, за една година се претпоставува да биде околу 300.000 KW/h, а снабдувањето со овој енергенс како и со гориво за потребите за механизацијата е регулирано согласно Договорот за деловно техничка соработка.

Од техничко-технолошкиот производен процес нема да се испушта процесна отпадна вода во надворешната средина. Отпадна вода ќе се создава од споредни активности како на пример: чистење и перење на бетонската база (бетономешалка) каде после последното полнење т.е мешање и испумпување на готов бетон, на последниот циклус, ќе се јави потреба од перење на опремата за да не дојде до стврдување на бетонот во самата мешалка и нејзино оштетување. Оваа вода е предвидено гравитациски да се влева во двокоморен таложник со каскаден систем на таложење на милта. Таложникот ќе биде изведен во непосредна близина на бетонската база каде преку бетониран канал и решетка отпадната вода ќе се одведува во таложникот. Бетонираните канали како и таложникот имаат двојна улога да ја одведат водата во таложникот и да извршат исталожување на суспендираните материи. Таложникот за пречистување на отпадната вода кој е составен од две каскадни комори, во него милта по пат на гравитација (тежина) се таложи на дното од коморите, додека чистата вода останува на површината. Оваа отпадна вода после исталожување ќе се враќа во производниот процес како додаток од максимум 20 %. Таложникот ќе биде со закосен влез за да може да се празни талогот со товарна лопата. Димензионираниот таложник во целост ќе ги задоволува потребите на бетонската база, бидејќи планираната количина на отпадна вода која ќе се користи за миење ќе се движи некаде околи 100 литри.

Отпадната вода како прочистена вода по одреден период на таложење на милта која гравитациски преку бетониран канал ќе се одведува во таложник, после процесот на таложење ќе се враќа повторно во процесот на производство односно ќе се реупотребува.

За личните потреби на вработените на локацијата има поставено мобилен тоалет за чие одржување операторот МИСА-МГ ДОО СКОПЈЕ има склучено Договор со овластена компанија за хигиена и сервисирање на тоалетни кабини, а за потребите на вработените во бетонската база е регулирано преку Договорот за деловно техничка соработка.

Отпадната вода која ќе се создава од оросувањето на работните површини е во многу мала количина и истата за брзо време ќе испарува во атмосферата.

За да се спречи емисијата на цемент на највисоката точка на секој силос има отвор на кој е инсталиран филтер кој задржува 99% од содржината на цемент во процесот на полнење на силосот. Во останатиот период се користи атмосферскиот притисок за да му овозможи гравитациски цементот да паѓа на дното, што значи во тој интервал филтерот нема улога на филтрирање.

Отпадното моторно и хидраулично масло ќе се собира во посебно означени садови за овој вид на отпад и ќе се чуваат во магацинот на непропусна подлога. За превземање на овој вид на отпад операторот има склучено Договор за деловно техничка сроаботка со МИСА-МГ ДОО Скопје кој поседува важечки договор со овластен постапувач со овие видови на отпад.

Во границите на инсталацијата на посебна локација ќе се складира отпадно железо, отпадни акумулатори и отпадни гуми за кои операторот има склучено договор за деловно техничка соработка со МИСА-МГ ДОО Скопје кој поседува важечки договор со овластен постапувач со овие видови на отпад.

Поради начинот на работа, динамиката на работење, сличноста на активностите на двете инсталации кои функционираат на еден заеднички простор се и тесно поврзани.

Мерката рекултивација на просторот е во директна врска со завршните активности на концесионерот на просторот МИСА-МГ ДОО Скопје, но операторот МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје не го спречува да врши постојано оплеменување и хортикултурно уредување (со помош на повеќегодишни автохтони садници) на просторот во договор со концесионерот.

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | |
|---|---|
| Сопственик на Дозволата | Број на Дозвола<br>Дата на издавање |
| / | / |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| / | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го бројот на дозволата.

## Доверливост

Дозволата го обврзува операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, член 55 став 2, точка 4.

Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка Дозвола во посебен плик.

## Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина и Постапката за измена на Б-Интегрираната еколошка дозвола по барање на носителот на Дозволата или по службена должност, утврдена во член 11 од Правилникот за постапката за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на РМ" бр.112/14).

Органот надлежен за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола на секои 7 (седум) години ќе ги проверува условите утвредени во Дозволата и доколку е потребно истите ќе ги промени.

Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, во согласност со член 118 од Законот за животна средина и во согласност со член 12 од Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола ("Службен весник на РМ" бр.112/14).

## Одземање и престанок на Дозволата

Оваа Дозвола се одзема доколку се исполни само еден од условите за одземање утврдни во согласност со Законот за животната средина и во согласност со член 15 и 16 од Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола ("Службен весник на РМ" бр.112/14).

Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-5141/1 | 24.12.2024 | Разгледување на Барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола |
| Записник од увид од Надлежен орган бр. 23-41/3 | 03.02.2025 | Констатирана е некомплетност на Барањето. |
| Заклучок за измена и дополнување на барањето бр. 08-41/4 | 05.02.2025 | Даден е рок за измена и дополнување на Барањето. |
| Барање за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-41/5 | 19.02.2025 | Барањето е комплетно. |
| Налог за пресметување и плаќање на надоместок за поднесување на барање бр.08-41/6 | 20.02.2025 | Уплатен надоместок |
| Објава на барањето бр.08-41/7 | 20.02.2025 | Објавено е барањето на веб страната на Општина Велес и дадена можност за учество на јавноста во постапката. Не се доставени забелешки. |
| Нацрт-Дозвола бр. 08-41/8 | 20.03.2025 | Објава на Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола на веб страната на Општина Велес. |
| Достава на Нацрт-Дозвола бр.08-41/9 | 21.03.2025 | Нацрт-дозволата е доставена до операторот за коментар и забелешки. |
| Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.08-41/10 | 17.04.2025 | Одлучено позитивно |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

## Бр. 08-41/10

Градоначалникот на Општина Велес во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 03/25), го овластува Операторот на инсталацијата-Управител на

## ДТТУ " МИСА-МГ ТРАНСПОРТ " ДОО Скопје

со регистрирано седиште на
**ул. "Павел Шатев" бр.3 ламела3/локал 10 Скопје-Кисела Вода, Кисела Вода**
**Република Северна Македонија**

**ЕМБС 6671195**

да раководи со Инсталацијата

**Друштво за трговија, транспорт и услуги "МИСА-МГ ТРАНСПОРТ" ДОО Скопје – инсталација за производство на бетон (стационарна бетонска база) со проектиран капацитет од 60 $m^3$ (околу 3.000 $m^3$ на годишно ниво)**
**на дел од КП 10455 КО Велес , општина Велес м.в Дрневица**
**Велес**

во рамките на Дозволата и условите во неа.

**Градоначалник**
**на Општина Велес**
**Марко Колев**

Датум: 17.04.2025

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава Дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела 1.1.1** | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од У Р Е Д Б А за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за Дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Прилог 2<br>3. Индустрија на минерали<br>3.3.Стационарни бетонски бази со вкупен капацитет на силосите за бетон поголеми од 50 м$^3$ | - производство на бетон (стационарна бетонска база) | - проектиран капацитет на бетонската база е 60 m$^3$ на готов бетон (околу 3.000 m$^3$ на годишно ниво)<br>- на дел од КП 10455 КО Велес, општина Велес |

1.1.2. Активностите наведени во условот 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во Табела 1.1.2:

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Слика 3, 4 и 5 од Барањето | II.1. Локација на објектот со осврт на непосредната околина<br>на површина од 600 м$^2$ на дел од КП 10455 КО Велес утврдена согласно склучен Договорот за деловна техничка соработка со МИСА-МГ ДОО Скопје<br><br>Со координати<br>N 41°44'37.6"<br>E 21°44'49.9" |





Слика 1.Микро и макролокација на предметниот простор на дел од КП 10455 КО Велес, општина Велес

1.1.3 Носителот на Б-Интегрираната еколошка дозвола/Оператор на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени во оваа Дозвола.

1.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат така како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.1.5 Временски период на работа на инсталацијата е пет дена во седмицата од понеделник до петок во едносменско работење, а по потреба и во сабота или работа во две смени.

1.1.6 Оваа Дозвола е само за потребите на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето според Законот за животната средина и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.7 Операторот на инсталацијата е должен да плати Годишен надоместок за поседување на Б-Интегрирана еколошка дозвола. Начинот и рокот на плаќање на надоместокот ќе биде утврден во налог. Неплаќањето на надоместокот согласно налогот ќе претставува услов за одземање на Дозволата и започнување на постапка за присилна наплата.

1.1.8 Оваа Дозвола е со важност од 7 години, сметајќи од денот на издавање на Дозволата.

1.1.9 Операторот на инсталацијата е должен една година пред истекот на рокот на важност на Дозволата, да поднесе барање до Надлежниот орган за обнова на Дозволата.

1.1.10 Операторот на инсталацијата е должен и се обврзува да ги извршува сите работни активности почитувајќи ги сите обврски кои произлегуваат од Законот за животна средина и подзаконски акти како и строго придржувајќи се и почитувајќи ги сите одредби од Договорот за деловно техничка соработка склучен со МИСА-МГ ДОО Скопје.

# 2. Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во пишана форма.

2.1.2 Раководителот на бетонската база е и одговорното лице за заштита и управување со животната средина, кое во секое време од важноста на Дозволата е целосно запознаено со условите во Дозволата.

**Табела 2.1.1 Управување и контрола**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примен** |
|---|---|---|
| Организациона шема | Прилог III | 19.02.2025 |
| Податоци за работењето на компанијата | Прилог III | 19.02.2025 |
| Договор за деловно техничка соработка | Прилози | 19.02.2025 |

2.1.3 Одговорното лице за заштита и управување со животната средина е задолжено за правилно одржување на системите за намалување на сите видови на емисии наведени во точка 6 од оваа Дозвола.

2.1.4 Операторот е должен за спроведување на условите и мерките од Дозволата, мониторинг на системите за намалување на емисиите, тековна проценка на еколошките перформанси на инсталацијата, спроведување на мерки за подобрување на процесот, одржување на воспоставената процедура за комуникација со Надлежниот орган.

2.1.5 Операторот писмено ќе го извести Надлежниот орган при промена на лицето одговорно за прашањата за животна средина, ако тоа евентуално се случи.

2.1.6 Операторот при управување со инсталацијата во континуитет ќе ги одржува воспоставените стандарди и ќе води грижа за намалување на влијанието врз животната средина-добра производствена пракса, постојано контролирање на емисиите во животната средина.

2.1.7 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој извршува работа за која се однесуваат некои од условите и мерките во Дозволата.

2.1.8 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите и мерки на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и едукација како и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.9 Операторот јасно ќе ја алоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа Дозвола на соодветните вработени лица.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| 1 Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Камен агрегат-Варовник | Барање | 19.02.2025 |
| Цемент | Барање | 19.02.2025 |
| Адитиви<br>-Хидрозим Т<br>-Супер флуид<br>- Хидрофоб Т | Барање | 19.02.2025 |
| Моторно масло синтетичко и минерално | Барање | 19.02.2025 |
| Товатна маст | Барање | 19.02.2025 |
| Вода | Барање | 19.02.2025 |
| Електрична енергија (од трафостаница) | Барање | 19.02.2025 |
| Дизел гориво | Оваа дозвола | / |

2.2.2 Камениот агрегат ќе го складира на отворено под настрешница на посебно определени места за складирање во склоп на инсталацијата (бетонската база), поделени на 4 фракции и означени според големината-гранулацијата.

2.2.3 Цементот ќе се складира во двата силоси со зафатнина од 75 $m^3$, а ќе се доставува со специјални автоцистерни.

2.2.4 Адитивите операторот ќе ги складира согласно условите за складирање наведени во MSDS листите (Безбедносниот информативен лист за материјали) во кругот на инсталацијата, одвоено од други суровини.

2.2.5 Моторните масла, маслата за подмачкување, нема да се складираат во границите на бетонската база, туку ќе се доставуваат по потреба во точно определна количина од страна на МИСА МГ ДОО согласно Договорот за деловно техничка соработка.

2.2.6 Одговорноста за складирање на овие материјали не се на операторот, туку на концесионерот на престорот со кој е склучен Договорот за деловно техничка соработка, но операторот е должен да ги почитува одредбите од Договорот и е должен да се грижи за интегритетот на простор за чување на овој материјал, а ќе презвземе итни и неодложни мерки при евентуални негативни влијанија и непредвидени истекувања. Ако се работи за истекување на поголеми количини, неодложно ќе го извести Надлежниот орган.

2.2.7 Моторните масла и маслата за подмачкување се чуваат во оригинална амбалажа, заштитени од надворешни влијанија, а ракувањето и сигурносното преточување на овие материјали ќе се врши на паркинг простор на самиот влез во инсталацијата на сепарацијата и тоа ќе се врши од страна на одреден персонал.

2.2.8 Готовиот бетон ќе се истура во транспортно возило за оваа намена паркирано во бетонската база на бетонирана подлога и како таков готов производ ќе се доставува до клиентот.

2.2.9 Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат.

2.2.10 Ракувањето со суровините, посебно со хемикалиите ќе се извршува според упатствата и препораките од производителот и упатството за безбедно ракување со материјалите (Material Safety Data Sheet) од страна на обучени лица.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1 и согласно Договорот за деловно техничка соработка или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

2.3.2 Отпадот ќе биде складиран како што е опишано во Барањето во границите на инсталацијата на посебни локации, а може да биде времено складиран најмногу до 1 година од денот на неговото создавање, освен отпадот кој во себе има карактеристики на опасен отпад ќе биде времено складиран најмногу до 3 месеци од денот на неговото создавање.

2.3.3 За понатамошно постапување со посебните видови отпад наведени во Табела 2.3.1 надвор од границите на инсталацијата, Операторот е должен да поседува важечки договор со овластен постапувач со отпад за определениот вид на отпад преку Договорот за деловно техничка соработка.

2.3.4 За предавањето на било кој вид на отпад на овластени постапувачи Операторот е должен да поседува соодветен документ со кој се докажува предавањето на отпадот, идентификационен и транспортен формулар и останата пропратна документација.

2.3.5 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпад. Во рамкитите на работните процедури, Операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпад.

2.3.6 Операторот нема да врши истурање, фрлање, горење или согорување на отпад во границите на инсталацијата.

2.3.7 Операторот е должен да води евиденција за создадените видови и количини на отпад во согласност со Законот за управување со отпадот.

2.3.8 Операторот е должен да врши складирање на опасниот отпад во садови обележани со ознака за опасен отпад.

2.3.9 Со опасниот отпад кој времено ќе се складира во границите на инсталацијата ќе се постапува согласно законските прописи за складирање на опасен отпад.

2.3.10 Операторот нема да врши мешање на опасниот отпад со друг вид на опасен отпад, како и мешање со друг вид неопасен отпад.

2.3.11 Опасниот отпад кој е наменет за транспортирање задолжително ќе биде спакуван и означен на соодветно пропишаниот начин со што ќе собезбеди целосна заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2.3.12 За активностите кои се поврзани со операциите за постапување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција и за овластени лица на Надлежниот орган во секое време.

**Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот**

| Опис | Документ | Дата кога е применo |
|---|---|---|
| Измешан комунален отпад,<br>се складира во садови за комунален отпад и се предава на ЈКП Дервен согласно Договор | Барање | 19.02.2025 |
| Мил од таложникот<br>настанува од перење на Бетономешалката, се собира во каскаден таложникот, а по таложење истиот ќе се одвои од водата и ќе<br>се употребува како тампон при изведување на градежни активности | Барање | 19.02.2025 |
| Отпадни моторни масла<br>Се собира во буриња и се складира во магацин до преземање од овластен Собирач на отпадни масла согласно Договор | Барање | 19.02.2025 |
| Отпадни хидраулични масла<br>Се собира во буриња и се складира во магацин до преземање од овластен Собирач на отпадни масла согласно важечки Договор | Барање | 19.02.2025 |
| Отпадни гуми<br>Собирање на привремено место и предавање на овластен собирач | Барање | 19.02.2025 |
| Отпадно железо<br>Се собира и складира во склоп на инсталацијата на место предвидено за отпаден метал, до превземање и постапување согласно важечки Договор за овој вид на отпад | Барање | 19.02.2025 |
| Отпадни акумулатори<br>Се собира и складира во склоп на Инсталацијата на место предвидено за складирање на отпадни акумулатори, до превземање и постапува согласно важечки Договор за овој вид на отпад | Барање | 19.02.2025 |
| Отпадни филтри за масло<br>се чуваат во магацинот, заштитени од атмосферски влијанија се до нивно преземање од страна на овластен постапувач согласно договор. | Барање | 19.02.2025 |
| Филтри од силосите за цемент<br>Складирање на место определено за овој вид на отпад се до момент на нивно предавање на овластен постапувач согласно важечки договор | Барање | 19.02.2025 |
| Отпад од пакување<br>(хартија, картон и пластика)<br>се складира во посебни садови за отпад од пакување и се предава согласно важечки договор | Барање | 19.02.2025 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација (моментална состојба)** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| **Привремено складирање до продажба или депонирање** | | | |
| Измешан комунален отпад | во пластични садови за комунален отпад | во пластични садови за комунален отпад во границите на бетонската база | во садови за комунален отпад по новно полнење се одложуваат во поголем сад за комунален отпад на почеток на влез во инсталацијата на МИСА-МГ ДОО и се предава согласно склучен важечки Договор со ЈКП Дервен |
| Мил од таложникот | Во каскаден таложник по одредено време потребно за таложење на материјалот кој се создава после перење на бетономешалка | На отворено во каскаден таложник | На одреден временски период ќе се врши чистење на таложникот и овој вид на отпад одвоен од водата ќе се употребува како тампон при изведување на градежни активности затоа што во својот состав претставува камен агрегат исто како и суровината која се користи во производниот процес |
| Отпадни моторни масла | Во магацински простор | Здрави буриња-соодветни садови | Во здрави буриња на непропусна подлога во магацин заштитен од надворешни влијанија, до предавање на овластен постапувач со кој има склучен важечки договор |
| Отпадни Хидраулични масла | Во магацински простор | Здрави буриња - соодветни садови | Во здрави буриња на непропусна подлога во магацин заштитен од надворешни влијанија, до предавање на овластен постапувач со кој има склучен важечки договор |
| Отпадни гуми | На посебен обележан простор на локацијата за отпадни гуми | На определен простор за отпадни гуми | На определен простор во инсталацијата, до предавање на овластени постапувачи согласно вежечки договор |
| Отпадно железо | На посебно обележан простор на локацијата за овој вид на отпад | На определен простор за овој вид на отпад | На определен простор во инсталацијата, до предавање на овластени постапувачи согласно вежечки договор |
| Отпадни акумулатори | На простор определ за овој вид на отпад | На простор определ за овој вид на отпад | На простор определ за овој вид на отпад се до момент на предавање на овластени постапувачи согласно важечки договор |
| Отпадни | Во магацинскиот | Во магацински | Ќе се чуваат во магацин за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Филтри за масло | простор | простор на непропусна подлога во магацин заштитен од надворешни влијанија. | отпадни масла, заштитени од атмосферски влијанија се до момент на нивно преземање од страна на овластен постапувач согласно важечки договор |
| Филтри од силосите за цемент | Се складираат на простор определ за овој вид на отпад | на простор определен за овој вид на отпад | Складирање на место определено за овој вид на отпад се до момент на нивно предавање на овластен постапувач согласно важечки договор |
| Отпад од пакување (Хартија, Картон, Пластика) | Во означени садови за селекција на овој вид на отпад | Во посебни садови за селектиран отпад | Се складира се до моментот на предавање согласно условите утврдени во важечки Договорот |

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Во границите на инсталацијата нема да се вршат операции на преработка и одлагање на отпад.

| Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Во инсталацијата нема да се врши преработка и одлагање на отпадот. | | |

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1 и согласно одредбите во Договорот за деловно техничка соработка или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Прилог XIII. Спречување на хаварии и реагирање во итни случаи со:<br>- Регистар на потенцијални влијанија врз животната средина и<br>- План за одговор во итни случаи | Барање | 19.02.2025 |
| Уверенија и сертификати | Прилози од Барањето | 19.02.2025 |

2.5.2 Операторот е должен доследно да го следи пропишаните постапки од документите наведени во Табела 2.5.1 и да ги спроведува мерките за спречување и контрола на несакани дејствија.

2.5.3 Операторот документите наведени во табела 2.5.1 ќе ги ажурира на секои 5 години започнувајќи од денот на издавање на оваа Дозвола.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС

2.5.4 Во случај на несреќа/хаварија Операторот веднаш треба да :

- Го изолира изворот на било какви емисии,
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа,
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот,
- Да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите,
- Го забележи датумот на несреќата,
- Го извести Надлежниот орган и другите релеватни власти и
- За настанатите итни /вонредни ситуации се види евиденција.

2.5.5 Операторот е должен во случај на хаварија веднаш да го извести Надлежниот орган и МИСА-МГ ДОО Скопје и да му ги достави извештај со податоци кои се однесуваат на:

- Околностите во кои се случила хаваријата,
- Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата,
- Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина до кои дошло како резултат на хаваријата,
- Превземените вонредни мерки.

## 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1 и согласно Договорот за деловно техничка соработка или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.6.1 : Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применето** |
| Прилог XI. Точки на мониторинг на емисии и земање на примероци<br>- Ниво на бучава<br>- Емисии во воздух | Барање | 19.02.2025 |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

**а** безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

**б** безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според стандардизирани методи утврдени во Правилник.

2.6.4 Мониторингот ќе биде извршен од страна на лабораторија која поседува акредитација издадена од Институтот за акредитација на РСМ.

2.6.5 Операторот ќе врши мерење на емисиите во воздух и емииси на бучава во полна оперативност на бетонската база во период еднаш годишно за време на летниот период на две мерни места, при задоволителни временски услови притоа без да бидат вклучени други активности, сепарацијата и асвалтна база кои активности се вршат од страна на друг оператор концесинерот МИСА-МГ ДОО Скопје.

2.6.6 За изворите на емисии во воздух наведени во табела 2.6.1. Операторот ќе врши мерења на емисии на прашина во воздух изразени преку параметарот PM10 како 24-часовни вредности на мерни места утврдени во табела 6.1.1 и 6.1.2.

2.6.7 Операторот ќе врши и контролно мерење на емисиите во амбиентен воздух и емиииси на бучави при полна оперативност на сите активности кои се вршат на локацијата и тоа, сепарацијата, асвалтната база и бетонската база на двете мерни места за да се испита вкупната концентрација на емисии во амбиентен воздух и нивото на бучава во текот на зимниот период еднаш годишно

2.6.8 Мониторинг на емисии во воздух и ниво на бучава ќе се врши на двете мерни места, кај административниот дел на МИСА МГ ДОО и кај бетонската база на границите на предметниот простор утврден во Договорот за деловно техничка соработка за бетонската база утврдени во табела 6.1.1 и 6.6.2.во услови на полна оперативност и при задоволителни временски услови.

2.6.9 Мониторингот на квалитетот на отпадната вода ќе се врши еднаш годишно од таложникот за отпадна вода после одредено и потребно време за одвојување и исталожување на цврст материјал од отпадната вода кој по својот состав е ист како камениот агрегат и цементот, а со цел отпадната вода да ги има својствата и квалитетот за повторно да може да се реупотребува за иста или слична намена.

2.6.10 Операторот е должен извештаите од мониторинг на емисии во воздух, ниво на бучава и квалитет на отпадна вода да ги доставува до Надлежен орган во временски период наведен во услов 4.1.2 од оваа Дозвола, а по потреба и согласно Договорот за деловно техничка соработка и до концесионерот МИСА-МГ ДООСкопје.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.7.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Барање | 19.02.2025 |

2.7.2 Операторот е должен редовно да го ажурира План за ремедијација со деталниот план за рекултивација согласно склучениот Договорот за деловна соработка.

2.7.3 Рокот за спроведување на Планот за ремедијација на земјиштето почнува да тече од денот на престанок со работа /затварање на инсталацијата, а најдоцна до 90 дена од денот со престанок на работа согласно Договорот за деловна соработка.

2.7.4 Во рок од 90 дена пред предвидениот престанок со работа на инасталацијата Операторот е должен писмено да го извести Надлежниот орган за планираниот престанок со работа како и концесионерот МИСА-МГ ДОО Скопје.

2.7.5 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животна средина.

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава оваа Дозвола управува само еден оператор.

2.8.2 Оваа Дозвола е важечка само за оние делови од инсталацијата што се значени во табела 1.1.2 од оваа Дозвола.

# 3 Документација

3.1.1 Операторот на инсталацијата ќе води документација со податоци за:

**а.** секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

**б.** целиот спроведен мониторинг, земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од услов 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

**а.** да бидат читливи;

**б.** да бидат направени што е можно побрзо;

**в.** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, Операторот ќе има документација и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата за:

- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Количината на отпадот (изразена во тони) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови на отпад;
- Име на правно лице задолжено за транспорт на отпад, како и детали околу добиената Дозвола за постапување со отпад;
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзино соодветност да го прифати упатениот отпад.
- Документ за прифаќање и одлагање/преработка на отпад кој е испратен надвор од локацијата.
- Количините и означување на типовите на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови на отпад ("Сл.Весник на РМ" бр. 100/05).
- Состав на отпадот или онаму каде што е можно, опис.

3.1.6 Операторот на инсталацијата за којашто се издава Дозволата ќе направи записник доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.7 Операторот е должен, за време на важноста на Дозволата и пет години по истекот на нејзината важност, да ги чува сите документи и податоци во врска со Дозволата, издавањето и мониторингот предвиден со задолжителните услови во интегрираната Дозвола и да ги направи достапни по барање на надлежниот орган и инспекциските органи.

3.1.8 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на Овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид :

- Дозволи поврзани со инсталацијата;
- Склучени договори на операторот на инсталацијата,
- Записи од сите земања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата;
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.1.9 Операторот ќе води записи за секој инцидент. Записите треба да вклучуваат детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган и на концесионерот МИСА-МГ ДОО Скопје со кој е склучен Договорот за деловно техничка соработка.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаии и известувања што ги бара оваа Дозвола, Операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина и во зависност од одредбите утврдени во Договорот за деловно техничка соработка до концесионер МИСА-МГ ДОО Скопје.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

**а.** во однос на наведени емисиони точки;

**б.** за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2;

**в.** давање на податоци за резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

**г.** операторот ќе поднесе до Надлежниот орган (до 31-ви Март) секоја година, ГИЖС - Годишен извештај наведен во табела Д2 од Додаток 2 во тековната година за извештаи од претходната година. Овој извештај треба да вклучи како минимум информации специфицирани во следната Табела. Годишниот Извештај за Животна Средина од оваа Дозвола треба да се подготви со релевантни инструкции издадени од страна на Надлежниот Орган.

| **Содржина на Годишен извештај за животна средина** |
|---|
| Емисии од инсталацијата. |
| Евиденција за управување со отпад; |
| Преглед за потрошувачка на суровини; |
| Преглед на забелешки (жалби/поплаки); |
| Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година; |
| Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година; |
| Преглед на извештајот за мониторинг на бучава, емисии во воздух; |
| Извештај за тестирање и инспекција на опрема во бетонска база; |
| Преглед на пријавени инциденти; |
| Преглед на извештај од ревизија на ефикасноста на енергијат, вода, суровини и помошни материјали; |
| Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и намалување на создадениот отпад; |
| Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на испуштање на отпадна вода; |
| Извештаи за финансиски мерки кои се направени под оваа Дозвола, управување и структура на персоналот на инсталацијата и програма за јавно информирање; |
| Преглед на планот за управување со остатоци/затворање, обновување и план за управувањето со локацијата по нејзиното затворање; |
| Изјава за мерките во врска со спречувањето на штетата врз животната средина и мерки за ремедијација (одговорност за штета врз животната средина); |
| Преглед за утврдување на ризикот и одговорноста кон животната средина (секои три години или почесто како што е наложено од страна на релевантните промени на локацијата вклучувајќи и финансиски мерки); и |
| Сите други предмети специфицирани од страна на Надлежниот орган. |

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган и концесионерот МИСА-МГ ДОО Скопје согласно Договорот за деловно техничка соработка **без одложување**:

**а.** кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која ја надминува граничната вредност или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

**б.** Кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

**в.** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

**г.** било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

**а.** Перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава Дозволата;

**б.** Престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

**в.** повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.2 (б).

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**а.** Било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**б.** Промена на податоците за холдинг компанијата на Операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога Операторот станува дел од неа);

**в.** за активности кога Операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела.

| Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис - фугитивни емисии** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| ММ1<br>Мерно место<br>Бетонска база | Фугитивни емисии | Граница на бетонска база просторот согласно Договорот за деловно техничка |
| ММ2<br>Мерно место административен дел | Фугитивни емисии | Граница на цел концесиски простор на МИСА МГ ДОО Скопје |

6.1.2 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис, надвор од границите на инсталацијата.

6.1.3 Емисиите во воздухот, освен пареа и/или кондезирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад;

6.1.4 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат густ облак на прашина која се шири во околината.

6.1.5 Операторот нема да ги надмине граничните вредности дадени во Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентален воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на гранични вредности, маргини на толеранција за гранични вредности, целни вредности и долгорочни цели.

6.1.6 Заради намалување на емисиите во воздух од прашина која ќе се создава при полнење на силосите со цемент, на силосите редовно ќе има поставено соодветно филтри кои операторот редовно ќе ги одржува и редовно ќе врши нивна замена.

6.1.7 За намалување на емисиите на прашина на предметната локација, Операторот со помош на прочистената водата од таложникот и по потреба од цистерната редовно ќе врши праскање на просторот опфатен во Договорот за деловно техничка соработка околу:

- бетонската база,

-складиштата за суровини,

-при манипулација и вршење на други операции на отворено (товарање, транспорт на материјали,

- патеки и работните платнуми

Еднаш или два пати во зависност од потребата,а во текот на работното време особено во летниот период и во период на интензивни ветрови, а во преостанатиот период од годината ќе врши прскање/оросување по потреба, а во зависност од временските услови.

6.1.8 Операторот ќе изврши асвалтирање/тампонирање на работните патеки за движење на возилата и механизацијата во кругот на бетонската база со цел полесно перење на подлогата и намалување на појавата на емисии на прашина.

6.1.9 Операторот ќе изврши асфалтирање/бетонирање на патеките за опслужување на бетонската база за полесно перење на подлогата и намалување на емисиите на прашина.

6.1.10 Операторот фугитивната емисија на прашина ќе ја регулира со доследна примена на избор на најкратко растојание при работа на возилата и нивно движење со минимална брзина.

6.1.11 Доколку овие мерки не овозможат контрола на емисиите во рамките на граничните вредности, операторот задолжително ќе донесе соодветни решенија и ќе превземе дополнителни активности во Договор со концесионерот МИСА-МГ ДОО Скопје.

6.1.12 Граничните вредности за емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 мерени на границите на бетонската база - предметниот простор опфатен во Договорот за деловно техничка соработка нема да бидат пречекорени за време на важноста на дозволата.

6.1.13 Извештаите од извршените мерења со резултатите и стручното мислење операторот ќе го достави до Надлежниот орган и концесионерот МИСА-МГ ДОО Скопје.

| **Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија**<br>**Вкупна фугитивна емисија од инсталацијата** | **Фреквенција на мониторинг** | |
| | Мерно место ММ1 и мерно место ММ2 | | |
| **ПМ10** | Оваа Дозвола | Еднаш годишно (во текот на летниот период ) | Еднаш годишно (во текот на зимниот период ) |
| | **50 µg/m³ (24-часовна гранична вредност)** | | |

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почвата од активностите во инсталацијата.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган и концесионерот МИСА-МГ ДОО Скопје без одлагање за секоја непредвидена емисија во почва.

6.2.3 Операторот согласно Договорот за деловно техничка соработка ќе се грижи и одржува чисти пристапните патишта и предметниот простор во служба на бетонската база и исто така во кругот на инсталацијата ќе се одржува чисто и нема да се дозволи растурање на отпад, суровини и друг материјал.

6.2.4 Операторот ќе изврши и асвалтирање/бетонирање на дел од внатрешните патеки кои ја опслужуваат бетонската база и просоторто околу неа со цел намалување на фугитивните емисии.

6.2.5 Операторот нема да ја испушта отпадната вода од таложникот во непосредната околина.

### 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | |
|---|---|
| **Ознака на точка на емисија<br>Извор** | **Количество/ден** |
| Од инсталацијата нема емисии на загадувачки материи во проврвшински води.<br>За потребите на технолошкиот процес за производство на готов бетон ќе се користи вода од цистерна согласно Договорот склучен со ЈКП Дервен. Во бетонската база ќе се користи техничка вода и за влажнење на работните плануми, складишта и патишта, како и за перење на опремата по завршување на работното време и запирање на постројката за производство на бетон. Отпадната вода од перењето на опремата ќе се собира во каскаден таложник и по нејзино пречистување повторно ќе се користи за иста намена, перење или оросување. | |

6.3.2 Затоа што операторот нема да врши испуштање на отпадната вода во канализационен систем или површинска вода, отпадната вода во ниеден случај не смее да биде испуштена во надворешната средина туку истата по пречистување ќе се реупотребува за истата намена (перење на опремата) или слична намена (оросување на работниот простор и работните површини во просторот на бетонската база кој е и предмет на Договорот за деловно техничка соработка).

6.3.3 За таа цел, Операторот ќе изврши еднократно мерење на квалитетот на отпадната вода после пречистувањето во таложникот со цел да се утврди нејзиниот квалитет и можноста од нејзина реупотреба за иста или слична намена.

6.3.4 Извештајот од извршеното мерење со резултатите и стручното мислење операторот ќе го достави до Надлежниот орган.

6.3.5 Операторот е должен редовно да ја следи состојбата и исправноста на коморниот таложник и редовно да го одржува во исправна состојба.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат сам од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1: Точки на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Количество/ден** |
| Од инсталацијата нема испуштање на отпадни води во канализација. | | |

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Од инсталацијата нема да се врши испуштање на топлина која ќе влијае врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Операторот во границите на инсталацијата нема да создава бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење чие влијание би се одразило штетно на животната средина и околината.

6.6.2 Интензитетот на бучава во животната средина што се создава во рамките на производниот процес ќе се движи во рамките на Максимално дозволеното ниво за подрачје дефинирано од четврти степен според степенот за заштита од бучава согласно Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина ("Службен весник на РМ" бр.147/08).

6.6.3 Емисиите на бучавата во животната средина нема да ја надминат границата утврдена во табела 6.6.2.

6.6.4 Мониторингот на емисиите на бучава ќе се извршат на начин и за време утврдени во точка 2.6 Мониторинг од оваа Дозвола.

| Табела 6.6.2: Граници на ниво на бучава во животна средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија**<br>**ММ Б1** – Граница на бетонската база , простор изнајмен согласно Договор за деловно техничка соработка<br>**ММБ2** - Административен дел во инсталацијата на МИСА-МГ ДОО Скопје | | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| Бучава | **Ld (dBA)** | / | **Ln (dBA)** | / | Еднаш годишно |
| | **70** | / | **60** | / | |

# 7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

/

# 8. Услови надвор од локацијата

/

# 9 Програма за подобрување

9.1. Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана мерката, во рок од 14 дена од завршувањето на мерката.

**Табела 9.1.1 : Програма за подобрување**

| Ознака | Мерка | Датум на завршување | Вредност на инвестицијата |
|---|---|---|---|
| 9.1 | Редовно вршење на контрола и сервис на бетонската база, возниот парк и опремата, како и редовна замена на филтрите на силосите за цемент согласно препораките на прозиводителот, со цел намалување на нивното влијание врз животната средина и здавјето на луѓето. | Континуирано | 300.000 ден. |
| 9.2 | Едукација, обука за постапување во итни случаи, вонредни ситуации | Континуирано , еднаш годишно | |
| 9.3 | Интерни и/или екстерни обуки за заштита на животната средина, селекција и правилно постапување со отпад кој се создава на локацијата, следење на законските измени во делот на животна средина, подигнување на свеста кај вработените. | Континуирано , еднаш годишно и по потреба | 10.000 ден. |
| 9.4 | Визуелен мониторинг на емисиите во животната средина како и вршење на мерења на емисии во воздух и бучава од акредитирана лабораторија | Визуелен мониторинг континуирано , а мерење на емисии еднаш годишно | 60.000 ден. |
| 9.5 | Управување со отпадот:<br>-Поставување на соодветни садови за разни видови на отпад утврдени во точка 2.3 Ракување и складирање на отпадот,<br>- Означување на садовите за селеција на отпад со соодветните шифри на отпад согласно Листата на видови на отпад ,<br>- Селекција на отпадот,<br>- Склучување /ажурирање на договори со овластени постапувачи со секој вид на отпад,<br>-Водење на евиденција на создадени и предадени количини на отпад. | Со отпочнување во работа на бетонската база<br>Со отпочнување во работа на бетонската база<br>Континуирано<br>Со отпочнување во работа на бетонската база<br>Континуирано | 15.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9.6 | Засадување на заштитно зеленило (повеќегодишни автохтони садници прилагодени за тие услови) | Секоја година при поволни услови | 30,000 ден. |
| 9.7 | Склучување на Договор за превземање на отпадни филтри од силосите за цемент со овластен постапувач со овој вид на отпад | 31.12.2025 год. | 100.000 ден. |
| 9.8 | Редовен сервис и одржување на ПП апаратите | два пати годишно | 6.000 ден. |
| 9.9 | -Изведба и одржување на каскаден таложник на локацијата на бетонската база за рециркулација на отпадната вода за техничка намена<br>-Изведба на систем за реупотреба на отпадната вода | Јуни 2025 год. | 400.000 ден. |
| 9.10 | Редовно чистење и одржување на таложникот за отпадна вода од настанатиот мил (агрегат, цемент) | Најмалку 3 пати годишно | 100.000 ден. |
| 9.11 | Асфалтирање / бетонирање на просторот околу и под бетонската база заради нејзино полесно опслужување и намалување на емисиите во воздух | Јуни 2025 год. | 600.000 ден. |
| 9.12 | Асфалтирање / тампонирање на внатрешните патеки за движење на возилата и механизацијата заради опслужување на бетонската база | Декември 2025 | 600.000 ден. |
| 9.13 | Распрскување/оросување на работните површини, патеките, складиштата со суровини, со вода за редукција на фугитивните емисии на прашина | Континуирано | |
| 9.14 | Во случај на зголемување на емисии прашина во воздух во границата на инсталацијата на бетонската база, доколку не дојде до намалување на фугитивните емисии на прашина со распрскување и оросување операторот ќе изврши покривање на складиштата со суровини/фракциите на камен агрегат | По потреба во инцидентни случаи, во текот на работниот век на инсталацијата | |

# 10 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството "или како што е друго договорено написмено" се користи во услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

**а.** Операторот ќе достави до надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола: и

**б.** Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

- Материјална промена
- Зголемување на природата или количината на било која емисија
- Системите за намалување/третман или преработка
- Опсег на процесите што се изведуваат
- Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или

било каква промена на:

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание кои би имале влијание врз животната средина ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган како и во договор со концесионерот МИСА-МГ ДОО Скопје.

# Додаток 1

## Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на Операторот.

☐ Број на Дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу.

**Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот**

| Извештај | Параметар/ Точка на емисија | Точка на емисија | Фреквенција на извештајот | Датум на поднесување на извештајот |
|---|---|---|---|---|
| Мониторинг на емисии во воздух | Прашина преку параметарот ПМ10 | ММ 1 - Границите на бетонската база МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје<br>ММ 2 - Граница на инсталацијата МИСА-МГ ДОО Скопје (административен дел) | Еднаш годишно Јуни-август во услови на работа само на бетонска база | Септември-октомври |
| Мониторинг на Емисии во воздух | Прашина преку параметарот ПМ10 | ММ 1 - Границите на бетонската база МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје<br>ММ 2 - Граница на инсталацијата МИСА-МГ ДОО Скопје (административен дел) | Еднаш годишно Декември-февруари во услови на полна оперативност на сите инсталации во концесискиот простор | Март-април |
| Бучава | Емисии на бучава | ММ Б1- Граница на бетонската база , простор изнајмен согласно Договор за деловно техничка соработка на МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје<br>ММБ2-Административен дел во инсталацијата на МИСА-МГ ДОО Скопје | Еднаш годишно во услови на работа само на бетонска база | Еден месец по достава на извештајот |
| Бучава | Емисии на бучава | ММ Б1- Граница на бетонската база , простор изнајмен согласно Договор за деловно техничка соработка на МИСА-МГ ТРАНСПОРТ ДОО Скопје<br>ММБ2-Административен дел во инсталацијата на МИСА-МГ ДОО Скопје | Еднаш годишно во услови на полна оперативност на сите инсталации во концесискиот простор | Еден месец по достава на извештајот |
| Годишен Извештај за Животна Средина | / | / | Еднаш годишно | до 31-ви март секоја година |
| Евиденција на инциденти | / | / | Како што се случуваат | Во рок од 5 (пет) дена од настанување на инцидентот |
| Ревизија на употреба на вода, електрична енергија, суровини и помошни материјали | / | / | Еднаш годишно | до 31-ви март секоја година |